## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ДРЖАВНА РЕВИЗИЈА“ (УЧЕБНИК) ОД ПРОФ. Д-Р ЈАНКА ДИМИТРОВА, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлука бр. 1202/124-5 од 143. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 29.6.2017 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– вонреден професор д-р Оливера Ѓеоргиева-Трајковска, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
– редовен професор д-р Лилјана Конеска, Економски факултет, Европски uниверзитет – Скопје,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис со наслов *„ДРЖАВНА РЕВИЗИЈА“* од авторот проф. д-р Јанка Димитрова, наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот**

Учебникот „**ДРЖАВНА РЕВИЗИЈА**“ од проф. д-р Јанка Димитрова претставува континуирана заложба на авторот да ја оформи потребната литература од областа на државната ревизија наменет за студентите и професорите на Економски факултет кои се соочуваат со анализа на прашања од оваа современа проблематика. Ракописот е подготвен за потребите на студентите од студиската програма Сметководство и ревизија на Економскиот факултет во Штип и ги содржи сите предвидени содржини што се опфатени во предметната програма ДРЖАВНА РЕВИЗИЈА, застапена во четврта академска година (VII семестар, со неделен фонд на часови 6 (2+2+2).

**Значење на предметот кој се обработува во ракописот**

Основна цел на ракописот е да им понуди на студентите да се здобијат со знаења во врска со значењето, улогата и организацијата на државната ревизијата во врховните ревизорски институции. Преку изучување на материјата студентите ќе се запознаат со меѓународните ревизорски стандарди за врховните ревизорски институции и кодексот на етика, значајни во развивање на аналитичка способност од страна на идните државни ревизори при оценка на оправданото користење на средствата во јавните институции, како и економично, ефикасно и ефективно управување со истите и детектирање на евентаулните злоупотреби и измами.

Материјалот опфатен во овој ракопис обработува теми кои на студентите им обезбедуваат знаења и познавања за: историски развој и дефинирање на државната ревизија; субјект, предмет и критериуми во спроведување на државната ревизија; организациона поставеност на државните ревизорски институции; ревизорски стандарди и кодекс на професионална етика на државната ревизија; методологија на спреведување на државната ревизија; интерна ревизија и контрола во јавниот сектор; специфичности при спроведување на државна ревизија во земјите на Европската Унија; поставеност на државната ревизија во Република Македонија

**Податоци за обемот на ракописот**

Проблематиката што е предмет на обработка е претставена во текст од вкупно 237 страници, од кои на 230 страници е претставен основниот текст, на 7 страници се сместени

157 релевантни библиографски единици, од монографски единици, периодични списанија, статии и интернет страници, во најголем дел странска литература што ги покрива подрачјата што се третирани во трудот. Текстот во трудот е поткрепен со табеларни прегледи и графикони. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонд Ariel, големина на буквите 11. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Трудот е напишан на оригинален начин и во него е опфатена комплексноста на проблематиката од областа на државната ревизија. И покрај тоа што во нашата земја постои мал број и опфат на јавно презентирана литература од оваа област, сепак проблематиката разработена со оваа методологија и во овој обемем е неопходна за студентите на Економски факултет, за студентите кои ги изучуваат сродните економски проблематики и други дисциплини. Може да се каже дека трудот претставува научен материјал со висок квалитет, кој може да се примени за стекнување на широки знаења од доменот на државната ревизија, за студентите, за деловните субјекти кои подлежат на државна ревизија согласно со законските прописи и за пошироката јавност. Во таа смисла, учебното помагало претставува едукативен пишан стручен труд кој обработува ваква проблематика кај нас, приспособен на потребите за образование и едукација во областа на економските науки. Затоа сметаме дека овој учебник е особено значаен, како од теоретски, така и од практичен аспект за актуелните и идните професионалци кои се занимаваат со конкретната проблематика.

**Краток опис на содржината**

Од содржински аспект во трудот се опфатени 5 тематски целини - поглавја: Теоретско методолошката рамка на државната ревизија (*Поглавје 1*); Врховната ревизорска институција на Република Македонија – Државен завод за ревизија на Република Македонија (*Поглавје 2*); Кодексот на професионална етика (*Поглавје 3*); Ревизорски стандарди на меѓународната организација на врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) (*Поглавје 4*); Европски упатства за примена на ревизорските стандарди на ИНТОСАИ (*Поглавје 5*);

Пред да ги истакнеме нашите оценки за трудот, како и предлогот, најнапред во скратена форма ќе ја презентираме неговата содржина.

Имајќи ги предвид опсервациите за досегашниот развој на државната ревизија и очекуваните трендови во иднина содржината на оваа книга е компонирана во 5 поглавја и тоа:

Во првото поглавје е обработена Теоретско-***методолошката рамка на државната ревизија, во кое е ставен акцент на: поимот, целта и задачите на државната ревизија, правната рамка за практикување на фискалната (државната) ревизија, субјектите на фискалната (државната) ревизија и принципите врз коишто се заснова фискалната (државната) ревизија.***

**Второто поглавје е посветено на Врховната ревизорска институција на Република Македонија – Државен завод за ревизија на Република Македонија и овде е ставен акцент на историски развој, организационата поставеност и раководењето на Државниот завод за ревизија и извршена е разработка на институцијата Овластен државен ревизор во Р Македонија, начинот на стекнување на звање за овластен државен ревизор, извештаите за работа на Државниот завод за ревизија о неговата соработка со надлежните органи и институции национално ниво. Овде е опфатено и поглавјете за Ревизија на работењето на Државниот завод за ревизија и прекршочните одредби според Законот за државна ревизија.**

***Кодексот на професионална етика е презентиран во третото поглавје со посебен акцент на Кодексот на етика на ИНТОСАИ и Кодекс на деловна етика и однесување на вработените во Државниот завод за ревизија на Р Македонија***.

***Ревизорски стандарди на меѓународната организација на врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) се тема на опсервација во четвртото поглавје, во кое се обработени основните начела на ревизорските стандарди, општите стандарди за државна ревизија, стандардите на подрачјето на работа на државната ревизија и стандардите на државна ревизија за известување.***

Петтото поглавје е со наслов Европски упатства за примена на ревизорските стандарди на ИНТОСАИ и во него е обработен сетот од 15 Европски упатства за примена во однос на ревизорските стандарди на ИНТОСАИ кои се расчленети во пет групи:

**Група 1** – во која се опфатени три упатства кои се однесуваат на подготовки на ревизијата (планирање на ревизијата, материјалност (значајност) и ревизорски ризик и ревизорски доказ и пристап);

**Група 2** - во која се опфатени шест упатства кои се однесуваат на прибирање на ревизорски докази (вреднување на интерните контроли и тестовите на контрола, ревизија на информационите системи, метод на примерок во ревизијата, аналитички постапки, користење на работа од други ревизори и експерти и документација);

**Група 3** - во која се опфатени две упатства кои се однесуваат на завршувањето на ревизијата (известување и други информации во документи што содржат ревидирани финансиски извештаи);

**Група 4** - во која е опфатено едно упатство кое се однесува на ревизија на успешност;

**Група 5** - во која се опфатени три упатства кои се однесуваат за други работи (обезбедување на квалитет, неправилности, промовирање на добра сметководствена пракса).

Упатствата најдоа примена и во рамките на некои поединечни ВРИ, посебно кога тие вршат оценка на нивните работни методи - на пример во однос на усогласеноста со новото национално законодавство. Главното значење на упатствата во Европската Унија е тоа што тие претставуваат општа техничка основа која може да биде прифатена од сите ВРИ на ЕУ, на факултативна основа, во рамките на постоечките поединечни ревизорски методи кои ги применува секоја ВРИ. Со други зборови, најголемо значење во рамките на ЕУ произлегува од општата прифатливст на упатствата во кои во голема мерка нашироко се претставени основните карактеристики на сите ревизорски традиции во јавниот сектор и организациони структури на ВРИ на ЕУ.

При изготвувањето на ракописот „ДРЖАВНА РЕВИЗИЈА" **е консултирана широка домашна и странска литература од оваа област, како и Законот и Правилникот за Државна ревизија и публикуваните прирачници за Државна ревизија од страна на Државниот завод за ревизија**, како и Европските упатства за примена на ревизорските стандарди на ИНТОСАИ. Секако овде е вткаено и долгогодишното искуство на авторот во работењето во полето на ревизијата, како и истражувањето и наставата по предметите Сметководствени контролни системи, Ревизија, Интерна ревизија и Државна ревизија, со единствена цел, изворно и компетентно презентирање на материјата.

## З А К Л У Ч О К

Ракописот „ДРЖАВНА РЕВИЗИЈА" од проф. д-р Јанка Димитрова е систематски и логички подреден на современ начин во пет поглавја (тематски целини) каде што се прикажани карактеристиките, значењето и актуелноста на државната ревизија како важна научна дисциплина. Материјата е презентирана со јасен, студиозен, стручно-методолошки пристап и низ бројни практични примери. Поради ваквиот стил и модел на презентираниот материјал студентите ќе можат без тешкотија да ја совладаат оваа материја. Трудот е поткрепен со бројни документарни табеларни прегледи и графикони, како основа на анализите, истражувањата и констатациите по клучните прашања содржани во трудот. Тие исто така претставуваат аргументација и одговор на бројните прашања за улогата, значењето и перспективата на развојот на државната ревизија како регулирана институционализирана форма и како научна дисциплина.

Трудот заслужува внимание поради неговата актуелност и методолошки пристап во истражувањето, кој може да се оцени како интегрален, целисходен и исцрпен според широчината на опфатот на спроведените истражувања и информации. Сметаме дека овој труд ќе предизвика голем интерес кај нашата јавност, ќе им овозможи на студентите од економските и сродни научни дисциплини да се стекнат со потребните знаења за оваа област, а ќе даде придонес и во научната и стручната јавност и затоа со големо задоволство препорачуваме да биде објавен.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Економски факултет во Штип да му предложиме овој ракопис (учебник) со наслов „ДРЖАВНА РЕВИЗИЈА" од проф. д-р Јанка Димитрова да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Оливера Ѓеоргиева-Трајковска – вонреден професор, с.р.**
**Д-р Лилјана Конеска – редовен професор, с.р.**